# ЛАФ - МУАБЕТ

## ЛЕТНИ РОМАНСИ

Една од најжешките романси ова лето несомнено е онаа меѓу Дениз Ричардс и Ричи Самбора. Својата романса на големо ја покажуваат во најексклузивните летни дестинации - Италија и Франција.





Комичарот Џим Кери е лудо вљубен во 33-годишната Џени Мекарти, со која е заедно од минатиот декември.

И Хедер Локлир, поранешната сопруга на Ричи Самбора, не остана со скрстени раце. Утеха најде во 41-годишниот комичар Дејвид Спад, со кој често може да се сретне на плажите во Мајами.



По пет години Леонардо ди Каприо ѝ рече збогум на бразилската фотомоделка Жизел и веќе од јануари е неразделен од уште еден фотомодел, Израелката Бар Рафели.





Од друга страна, пак, на Чарли Шин, поранешниот сопруг на Дениз Ричардс, воопшто не му беше тешко да најде убава партнерка за себе. Станува збор за актерката Брук Милер, за која Чарли Шин гласно изјавува дека му е девојка.



Наоми Вотс и Лив Шрајбер се заедно повеќе од една година. Иако околу нив се кренаа гласини за разделување, двојката сè уште успешно функционира.

Подготвила:
**Ружица САМОКОВЛИЈА БАРУХ**